Centari basi Demokratikano Zuraribe thai Iniciativa
Centar za Demokratski Razvoj i Inicijativa
Center for Democratic Development & Initiative

Roma Resource Center
Ромски Ресурсен Центар
Romano Resursno Centro
Train, Coach, Research, Assess, Analize

НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА КХАМ ДЕЛЧЕВО

ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ И ДЕЦАТА „ЛИЛ“

Почитувани,

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р. Македонија – ЕСЕ ве поканува да присуствувате на **националната конференцијата „Здравје на Ромите – пристап, предизвици и можности за подобрување“, која ќе се одржи** на ден **08.11.2013** година во хотел **Арка во Скопје**, **со почеток во 10 часот**. Конференцијата е подржана од Фондацијата Отворено општество - Македонија.

На конференцијата ќе се презентираат одделните концепти кои Здружение ЕСЕ заедно со партнерските граѓански организации ги применува на полето на унапредување на здравјето и подобрување на пристапот до здравствени услуги за Ромите во Р. Македонија.

На конференцијата ќе бидат изложени следните концепти на работа на ЕСЕ и партнерските граѓански организации:

**Концепт на обезбедување на параправна помош за Ромската популација**

Обезбедувањето на параправна помош и совети во областа на здравствена заштита за локалното ромско население од страна на обучени лица од самата заедница се применува во изминатите две години. Програмите за параправна помош функционираат во рамките на ромските организации ЦДРИМ и Ромски ресурсен центар во Шуто Оризари, како и во КХАМ во Делчево. Овие организации, како и останатите кои работат на ова поле ќе ја презентираат својата работа за време на конференцијата.

**Мониторинг и анализа на буџети на релевантните превентивните здравствени програми**

Во изминатите четири години ЕСЕ го спроведува овој концепт во однос на мониторингот на превентивните програми на Министерството за здравство. Во овој дел ќе бидат презентирани наодите од спроведениот мониторинг на буџетот и мониторинг на имплементација на Програмата за активна заштита на мајки и деца и останатите услуги од превентивна здравствена заштита, од аспект на опфатот на ромското население со истите.

**Мониторинг на заедницата**

Концептот се спроведува од страна на ромските граѓански организации, кои ја мобилизираат заедницата со цел истата да се вклучи во мониторингот на здравствените политики и во решавањето на локалните прашања поврзани со здравјето и здравствената заштита на Ромите. Во овој дел ќе се презентираат резултатите од работата на ЦДРИМ, КХАМ и ЛИЛ во однос на прашањето за имунизација и превентивна здравствена заштита на децата Роми.

Во прилог ви ја праќаме програмата за настанот.

ESE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS